# Карпош ИН

**Октомври 2018** | Бр. 67 | Година 9

**ХУМАНИ ПАТРОЛИ**
ЗА ПОВОЗРАСНИТЕ КАРПОШАНИ

**МАРИН ДОКУЗОВСКИ**
ЗАСЛУЖЕН ГРАЃАНИН НА КАРПОШ ЗА 2018

КОЈ ГИ ЗАСТАПУВА **ИНТЕРЕСИТЕ НА КАРПОШАНИ?**

**ТОШЕ ГИ СПОИ** КАРПОШ И НОВА ГРАДИШКА

**42 ГОДИНИ КАРПОШ:**
КАРПОШ СЛАВЕШЕ ХУМАНО И СОЛИДАРНО

**ЗОНА 30**
И 250 НОВИ СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ **ЗА ПОБЕЗБЕДЕН КАРПОШ 4**

42






# ПРВА МОБИЛНА АПЛИКАЦИЈА - М-ЗАЕДНИЦА ВО КАРПОШ

Општина Карпош ќе биде првата локална самоуправа која ќе добие мобилна апликација М-заедница, за комуникација со граѓаните. Апликацијата ќе биде достапна за IOS и Android.

Со ова Општина Карпош прави чекор напред во овозможувањето на нови начини за комуникација со сите засегнати страни.

Мобилната апликација овозможува интерактивен однос меѓу граѓаните, граѓанските организации и Општината. Всушност, ќе можат да се поднесуваат иницијативи и предлог идеи за најразлични прашања, од областа на локалната самоуправа.

Оваа мобилна апликација ја изработи Центарот за социјални иновации „Блинк 42 – 21", со поддршка од USAID во рамки на проектот „Вклучена заедница за поефикасна општина".



**ОПШТИНА КАРПОШ**
Весник на локалната самоуправа

**Издава Општина Карпош**
ул. Радика бр. 9
тел.: 02 | 30.55.901
02 | 30.55.902
kontakt@karpos.gov.mk
**www.karpos.gov.mk**

**Издавачки Совет**
Стефан Богоев
Душко Бужаровски
Филип Даскаловски

**Редакција**
Димитар Караташев
Игор Ѓуровски
Мила Гавриловска
Ива Зафировска
Благојче Атанасоски
Ивана Пендовска-Вукашиновиќ

**Главен и одговорен уредник**
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

**Заменик-уредник**
Игор Ѓуровски
igor.gjurovski@karpos.gov.mk

**Одговорен за Фотографија**
Амел Амед

**Фотографија**
Игор Ѓуровски
Ива Манова - Зафировска

**Лектор**
Ангелина Николовска

**Технички уредник | Графички дизајн**
**STEF**Chou

**Печатница:** Серафимовски
**Тираж:** 20.000 примероци

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

# Во овој број ќе читате...

2 **ПРВА МОБИЛНА АПЛИКАЦИЈА -** М-аедница во Карпош

4 **МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА:** Тоше ги спои Карпош и Нова Градишка

6 **42 ГОДИНИ КАРПОШ:** Карпош славеше хумано и солидарно

11 Ново **СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ** за побезбеден Карпош 4

12 Карпош ќе добие свој Lions клуб: **СОЛИДАРНОСТА НЕ ВОДИ НАПРЕД!**

14 **ИНТЕРВЈУ СО МАРИН ДОКУЗОВСКИ:** Неуморниот трагач по совршенство

22 Го враќаме **МААЛСКИОТ ЖИВОТ** во Карпош

26 **УСПЕШНИ ПРИКАЗНИ:** Во „Аврам Писевски" - Првата училишна градина за производство на храна

28 **КЛУБ СЕНИОРИ:** Хумани патроли за повозрасните карпошани

30 **МЛАДИ И СПОРТ:** Општински стипендии за најдобрите спортисти и ученици

36 **ГАСТРОНАУТИ:** Во „Бис" се доаѓа на бис

38 **КОЈ ГИ ЗАСТАПУВА** интересите на Карпошани

40 **ФОТОНАТПРЕВАР:** #ВоПресретНаЗимата

ISSN 2545-482X
9 771857 675000

# ТОШЕ ГИ СПОИ КАРПОШ И НОВА ГРАДИШКА



Тоше Проески, нашата музичка легенда, беше и остана симбол на љубов и поврзување.



На 8 и 9. Ноември Претседателот на Советот на Општина Карпош Андреј Манолев, заедно со уште трочлена делгација, координаторот на Здружението на стопанственици Власи „Мандра“, Мите Митев, градоначалникот на Крушево, Томче Христовски и раководителот на Одделение за спорт при Општина Карпош Патрик Поповски, беа во официјална посета на Општина Нова Градишка, во Хрватска. Делегација беше примена од градоначалникот на Нова Градишка Винко Гргиќ и заменик градоначалникот Борислав Видошиќ.



Уште во самиот старт асоцијацијата на поврзување на овие три општини е препознатлива: Крушево местото на раѓање на нашата најголема музичка легенда, Нова Градишка, местото на неговиот трагичен крај, и Карпош, неговато последна адреса на живеење. При оваа посета беше потпишан трилатерален меморандум за соработ ка во сферата на образованието, туризмот, културата и спортот, за што поскоро да се прејде и на збратимување на општините и изработка на твининг проекти кои би биле финансирани од фондовите на ЕУ.

Инаку посетата е во знак на претстојниот X-ти по ред меморијален фудбалски турнир „Тоше Проески“, кој овој пат ќе има меѓународен карактер и ќе се одржи од 18-20 јануари во СЦ „Форца“, Општина Карпош, и кој ќе го отвори градоначалникот на Карпош Стефан Богоев.

**Виолета Цветковска**



# Стефан Богоев

Градоначалник на општина Карпош

## 1

Нека ни е честит 42 – от роденден на Општина Карпош. Изминатиов месец, со низа активности го одбележавме Денот на Општината. Сакав да дадеме одговор на прашањето: „Што е тоа што Општината може да го направи за граѓаните“? Наместо традиционални прослави, се решивме да организираме активности со кои ќе ја заштитиме животната средина: започнавме со садење на повеќе од 200 дрвја, а го отворивме и првиот урбан – зелен сквер во Карпош. Продолживме со хуманитарни активности, дадовме простор на младите, да го покажат својот талент, а Марин Докузовски е прогласен за заслужен граѓанин на Карпош.

## 2

Новиот зелен урбан сквер меѓу Тафталиџе 2 и Нерези (на последна 24 – ка) е новото зелено катче за дружење и социјализација на карпошани. Слободните и јавни зелени површини повеќе не се окупираат со нови згради и градби, туку се оплеменуваат со повеќе зеленило и урбана опрема, каде што бабите и дедовците можат да поминат дел од своето време со своите внуци.

## 3

Нешто повеќе од една година, откако сум градоначалник на Карпош. Една година како покажавме дека промената е можна, а и покрај големите долгови и тешката финансиска кондиција – Карпош оди напред! Значително ја подигнавме хигиената во Општината, го зголемивме зеленилото и ги развиваме периферните делови на Карпош. Како најмлад градоначалник во Македонија, задоволство е да се извршува оваа функција, но претставува и огромна одговорност. Ви благодарам за поддршката, заедно продолжуваме.

## 4

Сообраќајниот метеж е еден од најгорливите проблеми во Скопје, но и во сите поголеми европски метрополи. Потегот околу ТЦ „Сити мол“ претставува едно од „тесните грла“ во Карпош. Токму затоа, подготвивме ново сообраќајно решение за Карпош 4, со што ќе се зголеми безбедноста за движење на сите учесници во сообраќајот. Се воведува ЗОНА 30, а веќе се поставуваат нови 250 знаци и 80 пешачки премини во целата населба. Особено ќе се зголеми безбедноста пред воспитно – образовните установи. Исто така, новото сообраќајно решение носи промена на насоките на движење низ дел од сервисните улици, со што ќе се намали метежот околу „Сити Мол“ .

## 5

Крајот од годината е период кога започнуваме со креирање на Буџетот за новата година. Целта ни е да вклучиме што е можно повеќе засегнати страни, граѓани, граѓански организации и здруженија кои ќе ги дадат своите предлози и идеи. Ќе понудиме електронски формат за учество при креирање на новиот Буџет, но и директни средби со граѓаните. Да ги приоретизираме проектите и активностите за 2019 година.

Искрено Ваш,
Стефан Богоев

**e-mail**
gradonacalnik@karpos.gov.mk

**Facebook**
Stefan Bogoev

**Twitter**
@sbogoev

**Instagram**
@sbogoev

**42 години Карпош**

# КАРПОШ СЛАВЕШЕ - **ХУМАНО И СОЛИДАРНО!**

**Историското тркало на Општина Карпош го сврти 42 круг. Респектибилен период за едно планско градење на една релативно нова административна единица која во своите закрила се обиде да собере многу стари населби, маала: Нерези, Бардовци, Злокуќани, село Влае, но и Карпош 1, како синоним на новото време кое надоаѓа.**

**Н**а сето тоа ќе се надоврзат новите туку-што постземјотресно изградени цели квартови со згради. „хуманитарни бараки“ индивидуални домови, семејни куќи обележени со црвено, жолто, зелено. Која од нив успеа да „преживее“, која едвај се држи или треба да се урне. И повторно да се дигне на нозе. Сите заедно требаше да се обединат, да им се вдахне еден заеднички дух - духот на Карпош. Оној кој сега го живееме, го градиме и надоградуваме.

А духот на Карпош во изминатите повеќе од четири децении видливо се менуваше: Од интензивно градење, проширување долж и попреку, растеж. Раѓање на Тафталиџе 1 и 2, Влае 1 и 2, Жданец, она кога мораше, за да се вдомат обездомените од катастрофалниот земјотрес, новодојдените, новородените, семејствата кои се шират. Всушност, Карпош отсекогаш била примамлива и пожелна дестинација за создавање свој дом. Посебно кога 70-тите години почна и неговото облагородување, озеленување, изградба на инфраструктура, добивањето на еден современ лик.

Тоа беше историјата, напати со драматични пресврти, но, како е сега? Сега пред Карпош се исправаат нови предизици: на Карпош му треба воздух за здрав живот, посебно по „градежната еуфорија“ која не само што го обезличи „Карпош од детството“ туку ја видоизмени климата, на сметка на здравата животна средина. Но тоа, не е единствениот проблем што актуелно ја мачи нашата општина.

Во Карпош се уште има социјално раслоени семејства, семејства кои се на општествените маргини, во тешка материјална и финансиска состојба, доминира повозрасна популација, а младите кои со љубов и ентузијазам се амбицираат



да живеат во најурбаната општина бараат и современи, европски услови за живот: паркови, шеталишта, пешачки и велосипедски патеки, детски и спортски игралишта, пристојни,опремени градинки, добри училишта и соодветна инфраструктура.

И секоја чест и почит кон минатото, но на Карпош му треба нов здив. Да се внесе европски дух, каде тренд се екологијата, здравиот начин на живеење, безбедноста,пристапноста и достапноста, инфраструктура подредена на граѓаните на Карпош. И сето тоа транспарентно, во консултација со нејзините жителите.

Тоа се обидовме да го сублимираме преку дузина акции и активности во петнаесеттина празнични денови, во пресрет на 3. Ноември, роденденот на Карпош. Притоа сакавме да направиме нешто оригинално и поразлично од досега. Во финансиски теснец во кој се наоѓа Општината, наместо трошење на пари од граѓаните за помпезни прослави, одлучивме со хуманитарни, солидарни, и пред се, практични активности да покажеме што сé општината може да направи за своите граѓани од сите возрасти.



Почнавме во духот на солидарноста, она што е иманентно за Карпош кој е буквално издигнат од меѓународната солидарна помош, со голема хуманитарна акција,заедно со нашите сограѓани по маркетите, општинската администрација општествено одговорните компании и со волонтерите на Црвениот крст, собравме над 120 пакети со прехранбени производи, средства за хигиена и облека за нашите сограѓани и соседи на кои тоа им е најпотребно, каков што беше слоганот на акцијата „Подај рака, донирај за твојот сосед“. Потоа, во три наврати, во урбаните заедници, Карпош 2, Владо Тасевски и Влае 1 на материјално загрозените граѓани им беа врачени хуманитарните пакети, како само една од мерките што Општината ја презема за оваа категорија на жители.

Во центарот на вниманието и грижата на Општината секако се најмладите. За нив повторно донираме прочистувачи за воздух за занималните во кои престојуваат во најголем дел од денот во градинките. Овој пат се доопреми градинката Карпош 4, клон на ЈУДГ „Орце Николов“. За нив,





во најголема мерка, беше наменет и мегапроектот на отворање на нов детски парк и урбан сквер меѓу Нерези и Тафталиџе 2.

Крводарителната акција која традиционално се одржува во пресрет на Денот на Општината, овој пат привлече близу 140 солидарни луѓе, меѓу кои имаше и сограѓани кои прв пат дарувале крв , но и некои на кои ова им беше 100 пат. Карпошани се хумани.

Имавме и посебен ден за екологија, кога по училиштата се чистеа дворовите,а од Општината почна садењето на 200 нови висококвалитетни дрвја - јавори, акција која трае цел ноември.

Карпош славеше и со прогласување на најголеми таленти во хип -хоп, стенд-ап комедија, пеење, а на најталентираните ученици во знаење и во спортови градоначалникот Богоев им ги врачи решенијата за стипендии за учебната 2018 /2019 година.

Ние така прославуваме: со работа, со поттик, со негување на вистинските вредности. Но ние имаме и планови за иднината: адреналински паркови, нови фитнес зони, простор за рекрација и градење, но надвор од урбаното јадро. Секогаш со раширени раце, Карпош чекори напред, кон следната 43, 44.... 100 годишнина. Карпош ќе постои и ќе опстои. Ќе расте и ќе се гради, онака како што сакаат неговите жители, современо, европски, урбано и хумано.

Честит роденден на нашиот заеднички дом!

**Виолета Цветковска**















## **ДОНИРАМЕ** ЗА НАШАТА ЦАЦИ



Покажете ја вашата хуманост со донации преку телефон:

Vip: 143 483
Telekom: 143 107

200003381608851 за трансакции во МКД
IBAN:
MK07200003381613507 USD
MK07200003381611470 EUR

SWIFT Code, BIC Code: STOBMK2X

Хуманоста не познава граници!

За Цаци од „Комenski“, за Цаци од „Георги“, за Цаци од нашето маало!



**Вељо Костовски**

Паркчето е убава работа. Ние постарите повремено одиме, кога можеме, доаѓаме тука. Тоа можеше да биде уште порано направено, затоа сегашниот градоначалник пари вреди што дојде. Порано се фрлаа многу пари а сега е се скромно. Овој менаџерски тим е домаќински настроен и така треба да продолжи. И сите општини треба да се огледаат на нашата.



**Милентије Брезовски**

Јас сум задоволен, младиот градоначалник е амбициозен и сака да направи нешто добро. Еве делото се гледа. Децата имаат каде да излезат и каде да се дружат. Менаџерскиот тим е одличен, Општината мора да штеди како нас постарите.



**Димитар Стерјов**

Порано беше добро и сега е добро. Пред нас еве што гледаме, паднати лисја, и порано имаше, ама беше чисто. Порано повеќе се трошеше сега помалку. Изградбата на паркчето е добра работа, за младите па и за нас. Човекот е добар ама не сме го виделе освен кога се отвораше паркчето. За чисто - не е чисто како порано, а за штедењето незнаеме.



**Стојан Тодоров**

Јас сум задоволен, но сметам дека децата се најмногу задоволни. Паркчето повремено го користиме, можеби не секојдневно, се уште е рано, бидејќи временските услови не го дозволуваат тоа. Добро е што Општината го одбележува роденденот на скромен начин.

РЕАЛИЗИРАНИ



## **НОВА ЗАШТИТНА МРЕЖА** НА ИГРАЛИШТЕТО **„СОКОЛ“**

Општина Карпош започна со реконструкција на спортското игралиште „Сокол“ во Карпош 1. Во таа насока беше поставена нова заштита мрежа на јужната страна од теренот (позади голот, наспроти амбулантата), бидејќи постојната беше значително оштетена. Локалната самоуправа планира, целосно да го санира ова игралиште, кое е популарно свртилиште за жителите од овој дел на Карпош, односно ќе постави нови столчиња на трибината, и ќе ги бојадиса металните конструкции на трибината, за да се заштити од корозија.



## **ОБНОВА НА ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ** ВО КОЗЛЕ

Општина Карпош го реконструираше детското игралиште во Козле (спроти Алумина). Поставени се нови реквизити, урбана опрема (клупи за седење и корпи за отпадоци), а се санираше и заштитната ограда на игралиштето.

Во изминатиот период, локалната самоуправа обнови повеќе детски игралишта во различни урбани заедници. Опстојуваме на определбата да овозможиме повеќе зони за рекреација на најмладите карпошани.





# **НОВО СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ**
# ЗА ПОБЕЗБЕДЕН КАРПОШ 4



Со цел да се зголеми безбедноста за сите учесници во сообраќајот, а особено пред основните училишта и градинки во Карпош 4, но и да се намали сообраќајниот метеж пред ТЦ Сити Мол, во претстојниот период, Општина Карпош во соработка со СВР Скопје, Градот Скопје и стручни лица – сообраќајни инжинери започнува да поставува нова хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација низ сервисните улици во урбаната заедница Карпош 4.

Со новото сообраќајно решение се воведува и ЗОНА 30 низ сервисните улици во Карпош 4, со што ќе се ограничи брзината на движење, внатрешно во населбата.




Овие промени се прават врз основа на сообраќаен проект за промена на режимот на сообраќај. По повеќе децении конечно се обновува хоризонталната и вертикална сигнализација во оваа урбана заедница, по сите современи стандарди и критериуми, со што се гарантира безбедноста во сообраќајот.

Ќе се постават нови 250 знаци (вертикална сигнализација), ставајќи акцент на воочливи и интерактивни знаци пред училиштата и градинките. Исто така, ќе биде поставена нова хоризонтална сигнализација од 2400 m2 (80 нови пешачки премини).




Примарната цел на локалната самоуправа е со ова ново решение да се зголеми безбедноста во сообраќајот, пред воспитно - образовните установи и да се намали сообраќајниот метеж кај ТЦ Сити Мол.

Во следниот период, штом целосно заврши поставувањето на хоризонталната и вертикалната сигнализација, дополнително ќе ги известиме граѓаните за новите сообраќајни правила и начин на движење.

Заедно да ги менуваме навиките, за поголема безбедност и заштита на сите учесници во сообраќајот.

**Димитар Караташев**




**Карпош ќе добие свој Lions клуб**

# СОЛИДАРНОСТА НÉ ВОДИ НАПРЕД!

**Да даваш, а да не бараш за возврат. Да донираш од срце, без да очекуваше истоветна реакција. Хуманоста и солидарноста се едни од вредностите кои во Карпош секогаш се негувале. Кон нашата Општина биле солидарни голем број на светски метрополи и народи, но и Карпош често пати подавал рака, кога е најпотребно.**

Токму солидарноста беше една од темите на Европскиот форум „Скопје 2018", во организација на Lions Club International. На панел дискусијата „Скопје: 55 години Град на солидарноста и родно место на Мајка Тереза", говореше и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев.

Тој во своето обраќање се осврна на повеќе моменти кои оставиле траен белег на Скопје. Иако земјотресот од 27 јули, 1963 година го паметат само повозрасните сограѓани, сепак, секој од нас е свесен дека овој датум претставува пресвртница за нашиот град, момент кој значеше нов почеток.

*- Многумина велат дека по 1963 година Скопје „се издигна од пепелта како птицата Феникс". Скопје имаше потреба од обнова, но и да биде дел од новото време, да се развива, да граби напред, а притоа да не ја загуби автентичноста и својот дух,* истакна Богоев.

Присутните Lions претставници, од 46 држави во светот, имаа можност да се запознаат со духот на нашиот Град и на Оштина Карпош. Посебно ги импресионираше фактот дека во нашата Општина голем број на улици се именувани по главните градови на повеќе држави: „Римска", „Атинска", „Букурешка", „Осло", „Копенхагенска" и многу други, коишто со тоа сведочат за солидарноста која светот ја покажа кон Скопје и кон Карпош.

Затоа, со право реагираа старите скопјани кога култната улица „Мексичка" беше преименувана во „Петре Пирузе". Некои спомени и моменти не можат и не треба да бидат избришани. Градоначалникот Богоев се осврна и на поблиското минато и славните моменти за нашата метропола. За успехот на некогаш најпопуларниот женски ракометен клуб во Европа, „Кометал Ѓорче Петров", за спортскиот бренд „Вардар", за познатата кафеана „Идадија" во која













сеуште се чувствува вкусот на старото Скопје.

Враќањето кон минатото знае да биде и убаво и болно. Сепак, носталгијата и емоциите понекогаш може да не одалечат од реалноста, но, сепак, тие и натаму треба да бидат присутни, за да ја задржиме автентичноста и духот на Скопје.

Денеска, сите ние сме исправени пред предизвикот во кој правец да се развива Скопје како тоа дали да скршнеме од патот на квази барокот и да се фокусираме кон модерното, урбаното и функционалното? Верувам дека сите го знаеме одговорот, затоа што сите посакуваме град кој рамномерно и плански се развива и не се срами од своето вистинско минато.

Една позната песна за нашиот град вели дека „сите нас не спојува, овој Град на љубовта, не е важно дал си стар или млад“... И сметам дека по овој рефрен треба да ја трасираме нашата сегашност и иднина. Нека Камениот мост и денес не потсеќа на потребата од заедништво и разбирање, Градскиот парк да биде симбол на зеленилото кое толку го посакуваме, а малку го одржуваме, а „Партизанска“ нека не потсеќа на сообраќајниот хаос и фактот дека треба да бидеме на точак, пеш или да користиме јавен транспорт.

**Димитар Караташев**

# ОТВОРАЊЕ НА **LIONS CLUB – КАРПОШ**



На Европскиот форум Скопје 2018, градоначалникот Стефан Богоев, на огромно задолство на присутните, најави дека во Општина Карпош наскоро ќе се отвори Lions Club, чија примарна цел ќе биде да ги споделува на локално ниво вредностите на оваа глобална мрежа. Во него ќе членуваат голем број на ентузијасти, интелектуалци, граѓани кои сакаат да дадат поголем придонес за локалната заедница и за целото општество.

Интервју: **Марин Докузовски**,

заслужен граѓанин на Карпош за 2018 година



# НЕУМОРНИОТ ТРАГАЧ ПО СОВРШЕНСТВО

**Доколку сте љубител на кошарката во Македонија, а досега не сте слушнале за Марин Докузовски, ве покануваме на едно возбудливо патување низ „спортската галаксија“ со оваа наша кошаркарска ѕвезда.**

Сеќавајќи се на раното детство, 58 - годишниот врвен македонски стратег низ емоции раскажува дека за прв пат се сретнал и веднаш ја засакал кошарката како шестоодделенец во ОУ „29 Ноември“ (сегашно ООУ „Којдан Чернодрински“). Тогаш наставникот по физичко воспитување го вклучува него, како најмлад поединец во училишниот тим, кој учествувал на Младите олимписки игри кои се одржале на ниво на Град Скопје.

- Говорам за далечната 1970 година, кога во исто време се одржа и Светското кошаркарско првенство во Љубљана (Словенија), каде тогашната Југословенска репрезентација го освои првото место. Историски гледано, тоа беше најсилниот и воедно, најемотивниот момент за мене, кој ме мотивираше да почнам да се занимавам со овој спорт. Ми текнува дека по тој огромен успех, буквално на секој агол во Скопје почнаа да се поставуваат улични кошови, со што почна интензивната афирмација на кошарката на овие простори – вели Марин.

Тој открива дека на почетокот сонувал да биде успешен кошаркар, меѓутоа се здобил со една незгодна повреда на раката, која околу две години го одалечува од кошаркарските терени.

Се разбира дека продолжив да играм кошарка, но, по повредата и извесната пауза не можев да го дадам својот максимум. Љубовта кон овој спорт не згасна во мене во ниту еден момент и, како што поминуваше времето, почнав поактивно да ја анализирам играта и така од кошаркар преминав во тренер и со оваа професија се занимавам до ден денес. Не е тајна дека повеќе преферирам одбранбена отколку напаѓачка стратегија. Мојата спортска филозофија е дека одбраната е таа која секогаш ве води до посигурна победа, бидејќи, за да се потпреш на нападот треба да имаш, како што се вели совршен ден, додека пак за да играш одбрана, треба да имаш и силна желба – објаснува Докузовски.



Искусниот стратег, аналитички ја коментира денешната состојбата во македонската кошарка, особено по периодот кога нашата репрезентација се врати од Литванија со најголемиот историски успех досега, освојувајќи го четвртото место на Евробаскетот во 2011 година.



- Тогаш бев убеден дека конечно ќе го искористиме моментот за поголем развој на кошарката кај нас. Но, наместо тоа, се случи најлошото нешто што може да и се случи на нашата кошарка. Имено, се вмеша политиката во спортот каде што влегоа луѓе кои не ја разбираат кошарката и воведоа правило со кое се дозволува увоз на шест странски играчи во македонските клубови. Во тој случај, се разбира дека тренерите единствено гледаат да дојдат до победа, претежно вметнувајќи ги странските кошаркари во игра. Во таа ситуација, многу домашни играчи, вклучувајќи ги тука и младите таленти, беа приморани мечот да го следат од клупата. Во тие околности сосема логично се појави еден голем вакум простор, кој треба да го пополнат нашите играчи. Но, за тоа ќе биде потребно многу време и сосема поинаква стратегија, секако, доколку сакаме да се вратиме на старите победнички патеки – тврди македонскиот стручњак.

Секој тренер има сопствена стратегија врз која го темели изборот на своите играчи. Можеби за многумина стратези е нетипично, но, Марин Докузовски пред почетокот на секоја сезона, при изборот на нови „регрути“ во својот состав, првенствено го интересира карактерот, па дури потоа квалитетот со кој располагаат кошаркарите.

- До толку сум темелен во мојата проценка, што прво се распрашувам од какво семејство доаѓа поединецот и каква личност е тој. Морам да бидам сигурен дека новиот играч има капацитет да изгради цврст карактер. Бидејќи, за да победува тимот, пред сé, играчите треба да бидат дисциплинирани, посветени, мотивирани и „гладни“ за победа. За мене поголем предизвик претставува работата со помлади играчи, но, исто така, во екипата се потребни и искусни кошаркари кои внесуваат стабилност во тимот и со својот придонес значително им помагаат на помладите колеги да ја



Кога ја почувствував атмосферата на теренот, во мене се разбудија емоциите кои ме вратија во детството, токму кога јас ги направив првите чекори на кошаркарскиот терен. Забележав дека Општината од неодамна почна да ги реновира спортските игралишта низ Карпош и на тој начин вложува во младите и во нивната иднина.



стекнат неопходната самодоверба и знаење – констатира кошаркарскиот ас.

Поразите и победите се неизбежен дел од кариерата на секој спортски работник. За „докторот“ – како што го нарекуваат македонските навивачи, еден од потешките порази кои ги доживеал лично е оној против репрезентацијата на Црна Гора во првиот натпревар на Европското првенство во Литванија во 2011 година.

- И покрај тоа што одигравме одлично во одбраната, немавме среќа во нападот. На репрезентативен план, се разбира најдрага победа ми е онаа против селекцијата на Литванија, а во рамки на клупски успеси секогаш ќе ја паметам победата од далечната 1998 година, кога го совладавме „вечниот ривал“ - МЗТ Скопје и со тоа на нивни терен ја освоивме шестата титула за Работнички – се сеќава Докузовски.

И покрај тоа што извесно време гради и меѓународна кариера, „кошаркарскиот лисец“ со задоволство говори за признанието со кое неодамна се стекна. Имено, градоначалникот Стефан Богоев, само пред неколку недели свечено му ја врачи на Марин Докузовски, плакетата за „Заслужен граѓанин на Општина Карпош“ за 2018 година.

- Со оглед на тоа што сум роден во Карпош и сеуште тука егзистирам, мислам дека нема поголема сатисфакција за еден спортски работник, од признанието кое ќе го добие од средината од која што потекнува. Ова е уште еден мотив за мене кој дополнително ме охрабрува во мојата работа, бидејќи многу ми значи тоа што некој ги следел моите резултати кои сум ги постигнал и ја почитувал мојата посветеност кон кошарката – со благодарност говори Марин.

Тој неодамна присуствуваше на финалниот меч од Училишниот кошаркарски Куп на Општина Карпош, кој се одигра по повод 42. роденден на Општината.

- Кога ја почувствував атмосферата на теренот, во мене се разбудија емоциите кои ме вратија во детството, токму кога јас ги направив првите чекори на кошаркарскиот терен. Забележав дека Општината од неодамна почна да ги реновира спортските игралишта низ Карпош и на тој начин вложува во младите и во нивната иднина. Ја поддржувам оваа иницијатива оти сметам дека новите генерации ќе ни се оддолжат за оваа поддршка со нивните успеси, бидејќи токму спортистите се најдобрите амбасадори на Македонија во светот – додава Докузовски.

**Игор Ѓуровски**

# ТАЛЕНТИТЕ ГО ИЗБРАА КАРПОШ

„Зошто го сакам Карпош? Епа дека мора, јас не можев да бирам, што да правам! Тука си живеам од мала и за ништо не би го менувала... и учам во Општина Карпош, ама буквално во Општина Карпош, со тие чичковците во ист двор си трчкаме на голем одмор!“. Со оваа мала шала на Гала, ученичка од „Лазо Трповски“, учениците од сите десет училишшта на Карпош на најкреативен начин и го честитаа роденденот на својата Општина на традиционалната манифестација „Карпош има талент“.

А Карпош има многу таленти и талентирани ученици со кои може да се гордее. И ги наградува и стимулира, во спортот, во врвните резултати, во знаењето. Но, сепак најубавата и највеселата манифестација е кога учениците, во текот на целата година се подготвуваат своите таленти да ги прикажат на најкреативен начин, низ забава, глума, танц, песна... Тоа го покажаа и овој пат. Беше вистински празник на уметноста. Со многу жагор, возбуда, трепет, надеж и исчекувања се дочека прогласувањето на победниците. Сите беа прекрасни, ама од добрите мораше да се издвојат најдобрите. Такви се правилата. А тие, со себе понесоа врвни признанија и парични награди. Наградите беа големи: 15.000 денари за освоено прво место, 10.000 за второ и 5.000 денари за третопласираните, но задоволството уште поголемо.

Ана Петковска, Лина Лозаноска и Ања Симоноска со професионалната хип-хоп изведба на микс од светски хитови без дилема го освоија првото место, сосема заслужено го освоија учeничките од ООУ „Вера Циривири Трена“. Малата четвртоодделенка Гала Пановска, од ООУ „Лазо Трповски“, со овации ја втората награда со стенд ап настапот - „Мојот живот“ на текст и под менторство на педагогот Рената Поповска, а третата награда им припадна на Луна Танев и Мирјана Штерјовски од ООУ „Петар Поп Арсов“ за музичката изведба „Не сум твој тип“ од групата Duper.

Карпош се сака и на овој начин, а ние ќе ги бодриме нашите скриени таленти и натаму.

**Виолета Цветковска**


I место


II место


III место









# ВЕСТИ







## UMBRELLA
## - ПРИМЕР И ПОТТИК ЗА ХУМАНОСТ И ИНКЛУЗИЈА

Отворањето на Lounge барот „Umbrella", во ГТЦ е прв ваков општествено корисен проект и прв угостителски објект во Македонија каде што, најголемиот дел од работниот персонал го сочинуваат лица со попреченост. Овој кафе бар ќе им овозможи на оваа група граѓани, преку работа, активно да се вклучат во социјалниот живот и притоа да обезбедат личен приход. Тој е значаен и за нашата Општина бидејќи, меѓу другите, се инволвирани и лица со попреченост кои се жители на Карпош. Во таа насока, Општина Карпош наскоро ќе обезбеди и финансискиска поддршка за овој проект, со цел, тој да опстане и да биде поттик за отворање на повеќе работни места, наменети за оваа категорија на граѓани. Токму затоа, градоначалникот Богоев ги охрабри сопствениците на овој бар да отворат ваков угостителски објект и во нашата општина.

---

## БРИШЕЊЕ ЛОШИ ГРАФИТИ
## ВО ОПШТИНА КАРПОШ

Општина Карпош спроведе акција за отстранување на графити со навредлива содржина испишани по фасадите на зградите. Бојосувањето и отстранувањето на графитите ќе продолжи на места каде што пораките со недолични содржини најмногу се присутни, а тоа е во населбите Карпош 1, 2, 3 и 4, Тафталиџе 1 и 2, како и во околината на урбаната заедница Владо Тасевски. Локалната самоуправа ја спроведува оваа акција со цел да се сочува културниот и урбан лик на Карпош.

Општина Карпош апелира до сите граѓани на Општината да не ја користат креативноста за испишување графити со недолична содржина која може да поттикне верска или меѓуетничка нетрпеливост и која може да ја наруши урбаната култура.



# ОД ОПШТИНАТА





## **ЧЕСТИТ 13 НОЕМВРИ** - ДЕНОТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА СКОПЈЕ

Во знак на одбележување на 13 Ноември, Денот на ослободувањето на Град Скопје, градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев заедно со советниците, Светлана Пандиловска и Владимир Кроневски, положија свежо цвеќе пред спомен обележјето на ослободителите на Скопје пред Владата на Република Македонија.

Во оваа пригода, Општина Карпош им го честита денешниот ден на сите граѓани на Скопје, одбележувајќи го историскиот момент кога е ослободен нашиот град и жртвата која ја имаат дадено борците од Народно ослободителната борба.

---

## **ВРЕМЕПЛОВ** СО ОСНОВЦИТЕ ОД КАРПОШ

Учениците од партнер-училиштата „Вера Циривири Трена“ и „Братство“, кон крајот на октомври, ја посетија неолитската населба – „Тумба Маџари“, како дел од Програмата за Меѓуетничка интеграција во образованието – (МИО), која се спроведува во основните училишта во Општина Карпош.

При обиколката на оваа археолошка локација, младите карпошани се запознаа со древниот живот на предците од периодот на неолитот и со помош на стекнатите сознанија и креативност, изработија различни цртежи и моделираа предмети кои се карактеристични за младото камено време. Притоа, тие стекнаа „опипливо“ знаење според образовната методологија „видов-слушнав-научив-направив“.

Инспирирани од оваа активност, основците од Карпош одлучија да реализираат неколку работилници и да организираат повеќе посети на различни објекти – споменици на културното наследство во Скопје. Симболички, ова „патување низ времето“ – тие го насловија како „КалеидоСкопје“ алудирајќи на калеидоскопот, составен од различни обрасци од богатото скопско културно милје.
















# **ПОЧИСТ ВОЗДУХ** ЗА ГРАДИНКИТЕ ВО КАРПОШ

Со нови дополнителни пет прочистувачи за воздух во клонот на градинката „Орце Николов“, во Карпош 4, локалната власт продолжи со реализација на проектот кој го започна уште минатата година. Со нив овој објект во целост ќе биде покриен, односно ќе има прочистувачи на воздух во сите занимални каде што престојуваат дечињата згрижени во оваа предучилишна установа.

Најмладите наши сограѓани на овој начин, барем во оној дел од денот додека престојуваат во градинка, во екот на „сезона“ на зголемено загадување се заштитени, што е само дел од грижата која Општина Карпош ја презема за нивното здравје..

Овие прочистувачи кои овој пат беа донирани по повод роденденот на Општината се дел од оние кои Општината дополнително ќе ги обезбеди, како преку донација од општествено одговорни компании, така и преку својот буџет.

Штом ќе обезбедиме доволно прочистувачи за градинките, интенција ни е да преминеме и на основните училишта вети градоначалникот Стефан Богоев кој лично ги врачи прочистувачите.

# **СОЛИДАРНИТЕ** СОГРАЃАНИ ДАРУВАА КРВ

Општина Карпош знае да се грижи за животот на секој свој сограѓанин и да ја цени секоја капка крв што значи живот. Токму затоа, меѓу своите активности за прославата на роденденот, Општината ја реализираше и крводарителната акција која се одржа во спортската сала на ООУ „Лазо Трповски“.

Во текот на само еден ден беа собрани 137 крвни единици, од кои пет лица за прв пат даруваа крв, а најмногу крводарители даруваа и по 70 пати, но само еден крводарител, Чедо Мицич, овој пат ја “заокружи“ 100-та на дарување од најдрагоцената течност. Со свој личен пример, кон оваа акција се вклучи и градоначалникот Стефан Богоев.





# **КАРПОШАНИ СЕ ПОХУМАНИ** - ДОДЕЛЕНИ 120 ПАКЕТИ ЗА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ СЕМЕЈСТВА ОД КАРПОШ

Со врачување на 120 пакети со прехранбени продукти, облека и средства за хигиена, се заокружи големата хуманитарна акција која Општина Карпош заедно со граѓаните и локалната администрација ја спроведе по повод роденденот на Општината 3 Ноември мод мотото „Подај рака, донирај за твојот сосед".

Пакетите на социјално загрозените граѓани во три урбани заедници „Карпош 2", „Владо Тасевски" и „Влае 1" им ги врачи градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, кој им посака во иднина да има што помалку лица кои ќе имаат потреба за ваква помош:

- Имавме навистина успешна донаторска акција, и мислам дека, од акција на акција, граѓаните на Карпош се сé похумани и искрено сакаат да помагаат. За жал, законските можности на Општината за ваква поддршка се прилично лимитирани, но се трудиме сé што можеме ние, како локална власт, да го направиме за нашите сограѓани-максимално го правиме, трудејќи се да се најдеме и колку може да помогнеме, рече Богоев.

Освен оваа традиционална акција, во текот на годината лицата и семејствата кои се со сериозни финансиски потешкотии добиваат и еднократна материјална помош, а дополнително Општината прави максимални напори, онаму каде што е можно, да вработи и член на семејство со што би добиле уште еден приход за понормална егзистенција.

На иницијатива на градоначалникот, на почетокот на учебната година преку општинската сметка обезбедивме 13 лични и образовни асистенти на семејствата чии деца имаат потреба од ваква помош во текот на школувањето, со што, сите семејства со вакви потреби во Карпош се целосно „покриени" со ангажирање на локалната власт.






# **ХУМАНИТАРНИ ПАКЕТИ** ЗА ЧЕТИРИ УСТАНОВИ ВО КАРПОШ

Во рамки на хуманитарната акција „Подај рака - донирај за својот сосед", која се организираше по повод Деновите на Општина Карпош Одделението за детска, социјална и здравствена заштита при Општина Карпош додели хуманитарни пакети во Центарот за едукација „ Монтесори", кој се наоѓа во ООУ „Аврам Писевски", во населбата Бардовци, во „СОС Детското село", во Пунктот за бездомници при Црвениот крст на Македонија во „Момин поток", како и во ЈСУ Психијатриска болница „Бардовци".

- Постојано сме во контакт со семејства и граѓани кои се во тешка материјална состојба и согласно нашите надлежности им помагаме преку овие хуманитарни акции, или пак поединечно. Оваа година, освен во традиционалните установи, за прв пат хуманитарни пакети донирaвме во болницата „ Бардовци", со што го зголемивме капацитетот на нашата социјална и хумана помош, нагласи заменик раководителот на Секторот за дејности од јавен интерес Гордана Зафировска- Стојчевска.

Во овие установи беа доделени кондиторски производи, средства за лична хигиена, како и конзервирана храна наменета залицата кои престојуваат во овие установи.

# ГО ВРАЌАМЕ **МААЛСКИОТ ЖИВОТ** ВО КАРПОШ



















Оваа година, Општина Карпош одлучи на специфичен начин да го одбележи 42. роденден од своето постоење, вклучувајќи ги и карпошани во своите работни акции и иницијативи. Токму затоа, на денот на централната прослава ( 3. ноември ), Општината, на свечен начин го пушти во употреба новиот урбан сквер во чии рамки се наоѓа и современото детско игралиште. Креатор на овој проект е архитектот Игор Василевски, кој одлично го осмисли просторот, водејќи грижа за поставеноста на скверот и игралиштето, кои идеално се лоцирани во зелениот појас помеѓу колективните и индивидуалните станбени објекти во населбата Тафталиџе 2.

На вкупна површина од околу 500 м$^2$, урбаното катче започнува со пристапна патека и добро организиран партер, кој уникатно е изведен со гранитни коцки и симетрично обработени бетонски модули. За да не се наруши природната средина, просторот е облагороден со поширока тревна површина, која е збогатена со неколку јавори дрвја, како и со шестгодишни високи дрвја од типот – јапонска цреша. Дополнително, околината е хортикултурно уредена со нови цветни садници, од типот на грмушкаста – зеленолистна лаванда и рузмарин, што на просторот му дава посебен карактер на добро уреден еколошки простор.

За да ги исполни строгите критериумите за енергетска ефикасност, на локацијата се поставени 36-ватни штедливи лед–светилки, кои ќе го осветлуваат целокупниот простор во вечерните часови. Во рамки на објектот е монтирана нова урбана опрема, во вид на модерно-дизајнирани корпи за отпадоци, а по патеката се поставени повеќе модуларни клупи, предвидени за одмор и социјализација на повозрасните сограѓани. Во продолжение, детското игралиште кое е наменето за рекреација на најмладите карпошани, е опремено со весели реквизити кои се изработени од еко -материјали кои пред сé, се безбедни за децата и ги задоволуваат високите европски стандарди за квалитет.

Оваа инвестиција, Општина Карпош ја чинеше околу 3.000.000 денари. Целта на локалната самоуправа е преку вакви проекти повторно да ја заживее маалската дружба, каде што карпошани заедно ќе го поминуваат своето слободно време, независно од нивната генерациска разлика. За таа цел, Општината има долгорочен план за изградба на повеќе вакви урбани катчиња на различни јавни површини низ Карпош, чија основна намена е парковското зеленило.

**Игор Ѓуровски**

# НОВИ КОНТЕЈНЕРИ ЗА **ПОЧИСТ КАРПОШ**



Со два милиони денари од сопствениот ребалансиран буџет, Општина Карпош ќе учествува во замената и унапредувањето на севкупниот систем за собирање на комуналниот отпад, која ја спроведува Градот Скопје на цела територија. Зависно од цената на контејнерите, за своите потреби локалната самоуправа детерминираше десетина критични локации, каде што ќе бидат поставени новите контејнери.

Овој пат тие ќе бидат со поголем капацитет и запремнина и од материјал отпорен на оштетување, опремени со хидрауличен систем на отворање и затворање на капаците. Со тоа ќе се намали непријатната миризба, односно ќе се зголеми хигиената околу контејнерите кај ресторантите, на пофреквентните места и густо населените локации во Карпош.

# ЕСЕНСКО **ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ**



Општина Карпош започна со есенското хортикултурно уредување од плоштадот „Делфина“ во Влае. На овој плоштад од вработените во Одделението за заштита на животната средина и природата при Општина беа засадени 2.500 парчиња од цвеќето „Viola tricolor“, како и 1.000 парчиња „Brassica“ и 1.000 парчиња „Hrizantema“, во зелена, бела и виолетова боја.

Оваа акција на есенско цветно аранжирање и разубавување на зелените површини ќе продолжи и во наредниот период, на сите плоштади кои се наоѓаат на територијата на Општина Карпош.



# **НОВИ 200 ДРВЈА** ЗА ПОЧИСТ ВОЗДУХ ВО КАРПОШ

По повод 42 роденден на Општина Карпош и во контекст на концептот за зелен Карпош, на улицата Никола Русински, наспроти Сити Мол, во населбата Карпош 3, започна големата еколошка акција во рамки на која се засадија 200 нови дрвја на територија на Општината, и тоа во неколку урбани заедници.

- Почнаваме со засадување на 11 големи дрвја - јавори, а во текот на целиот месец ноември ќе насадиме уште 190 висококвалитени дрвја и 50 украсни растенија - грмушки од типот на лаванди. Инаку, на почетокот на пролетта беа засадени 113 високорастечки дрвја, потоа во акција заедно со Градот Скопје, долж булеварот „8 Септември", исто така беа поставени нови садници.

- Знаеме дека доаѓа период на зголемено загадување, па оттаму решивме да засадиме нови дрвја кои се природен филтер на воздухот, а со редовно чистење на дивите сметлишта (т.н. депонии), преку контроли на палењето огнови на отворено, инспекторски и низа други активности, ќе работиме на зачувување на животната средина во Карпош, истакна градоначалникот Богоев.

# **ВЕЛОСИПЕДИ** ЗА НАЈДОБРИТЕ ЕКОЛОГИСТИ

Проектот „Зелени стапалчиња" од Креативен центар Карпош кој го водеше Александра Блажевска, професор по хемија во ООУ „Јан Амос Коменски", во соработка со германската алијанса Climate alliance и со Министерството за животна средина и просторно планирање, а поддржан од Општина Карпош доби своја свечена завршница. Во него учествуваа сите десет училишта, а најдобрите пет од нив добија подарок по еден велосипед.



Наградите на најдобрите екологисти, во Кинотеката на Македонија, им ги врачи градоначалникот на Карпош Стефан Богоев, кој вети дека и во иднина, Општина Карпош сесрдно ќе ги поддржува талентите во сите области.

Креативни и иновативни - Учениците од „Аврам Писевски“

# КАРПОШ ЈА ДОБИ **ПРВАТА УЧИЛИШНА ГРАДИНА** ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ОРГАНСКА ХРАНА








Кога ќе се напуштат востановените шеми, па макар и во образованието, се добиваат навистина оригинални искуства кои знаат да поттикнат. Така, убаво е чувството кога учениците учат, а сепак не се во клупите. Восхитувачки и ветувачки е моментот кога гледате десетици деца како се вложуваат да направат нешто повеќе, а не се опседнати единствено со наставната програма и домашните задачи по предметите.

Учениците од основното училиште „Аврам Писевски“, во Бардовци, на дело ја покажаа својата креативност и иновативност. Имено, токму на Светскиот ден на храната, 16 – ти октомври, во ова училиште се отвори првата училишна градина за производство на здрава храна во Македонија. Учениците од рани години ќе учат за начинот на кој се одгледуваат и произведуваат земјоделските култури. Ќе имаат можност да го следат природниот процес на развојот на растенијата. Ќе бидат привилегирани затоа што материјата што ја учат по предметите „биологија“ или „природни науки“, ќе ја видат, „во живо“, во нивниот училишен двор.

Ова е пристапот кон кој треба да се стремиме. Новото време бара да создаваме нови практики.

Забележителен беше ентузијазмот и енергијата кај учениците, а сончевото време само придонесе за уште поубав настан, кој го организираа учениците и наставниот кадар од „Аврам Писевски“, Општината Карпош, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО), како и организациите „Slow Food“ и „Ајде Македонија“.

На настанот присуствуваше и градоначалникот Стефан Богоев, како и министрите Љупчо Николовски (МЗШВ) и Арбер Адеми (МОН). Заеднички беше заклучокот дека младите треба да се стимулираат на ваков вид вонучилишни активности.

Светскиот ден на храната, оваа година се одржуваше под мотото „Нашите дејствија се нашата иднина“, при што посебно се става акцент на колективниот напор за подигнување на јавната свест за важноста на здравата исхрана и справување со гладот на светско ниво.

**Димитар Караташев**



„На овој начин се развиваат креативните вештини кај учениците и ќе имаат можност на практичен начин да видат како се развиваат растенијата„.

„Денеска сите говориме за здрава исхрана, но малкумина од нас преземаат конкретни чекори. Учениците од Аврам Писевски се меѓу ретките кои покажаа свест и одговорност.“









### ЧЕТИРИ ДЕЦЕНИИ ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ – „КАРПОШ “

# ХУМАНИ ПАТРОЛИ
# ЗА ПОВОЗРАСНИТЕ КАРПОШАНИ

**Пензионерите на Карпош прославија четири децении од своето организирано делување. Во изминатите децении, Здружението на пензионери – Карпош работеше на повеќе прашања, важни за подобрување на статусот на пензионерите.**

Пензионерите на Карпош прославија четири децении од своето организирано делување. Во изминатите децении, Здружението на пензионери – Карпош работеше на повеќе прашања, важни за подобрување на статусот на пензионерите.

Јубилејот им го честиташе и првиот човек на Општината Градоначалникот Стефан Богоев, кој се осврна и на дел од приоритетите за следната година, токму на полето на заштита и унапредување на правата на повозрасните лица.

Таков е проектот „Хумани патроли“ којшто ќе овозможи зголемена грижа и заштита на пензионерите. Тоа подразбира дека Општината ќе овозможи бесплатни здравствени прегледи за дел од повозрасните лица, посети во нивните домови и завршување на секојдневни работи кои самите не би можеле да ги завршат. На овој начин, сакаме да покажеме дека никој не е заборавен и секој треба да има еднаков третман, рече Богоев кој во таа пригода им порача:

-Како најмлад градоначалник во Република Македонија, имам чест да ја водам Општината со најголем број на возрасни жители. Тоа е големо задоволство, но и обврска,посочи градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев на одбележувањето на 40 години од Здружението на пензионери – Карпош.

Повозрасните наши сограѓани се разумот и мудроста на Општината. Нивното животно и работно искуство се ветар во грбот за општинската администрација и за целокупната локална заедница.

Тградоначалник во Република Македонија, имам чест да ја водам Општината со најголем број на возрасни жители. Тоа е големо задоволство, но и обврска,посочи градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев на одбележувањето на 40 години од Здружението на пензионери – Карпош.

Повозрасните наши сограѓани се разумот и мудроста на Општината. Нивното животно и работно искуство се ветар во грбот за општинската администрација и за целокупната локална заедница.

# **СПОРТСКИ ИГРИ** ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ ОД КАРПОШ













Општина Карпош преку Одделението за спорт и култура, по деветти пат, ги организираше Спортските игри наменети за пензионерите кои живеат на територија на Карпош.

На овогодинешниот спортски настан се натпреваруваа голем број на возрасни наши сограѓани и тоа во повеќе дисциплини: фрлање ѓуле, влечење јаже, пикадо и трчање.

На Спортските игри се обрати и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев кој на присутните им честиташе за храброста, физичката подготвеност и енергијата што ја поседуваат и за време на пензионерските денови.

# **РОДЕНДЕНСКА ДРУЖБА** СО ЛИЦАТА ОД ДОМОТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“

По повод роденденот на општина Карпош, во пресрет на и Неделата на стари лица, како и 60-годишниот јубилеј на Герентолошкиот завод „13 Ноември“, градоначалникот Стефан Богоев го посети Домот „Мајка Тереза“ во Злокуќани, со што им укажа должно внимание на лицата кои престојуваат во овој дом. Во таа пригода заедно помина пријатни мигови, а на сите жители на овој дом, им врачи пригодни подароци, 70 пакети со кондиторски производи и средства за лична хигиена.

Во топла атмосфера, со весела игра и песни од најмладите-дечињата од градинката „Орце Николов“, постарите жители на Карпош минаа еден час во разговор со својот градоначалник и вработените во Одделението за социјална, детска и здравствена заштита, а домаќини на гостите од Општината беа директорката на ЈЗУ Геронтолошки Завод „13 Ноември“ - Скопје д-р Салија Љатиф Петрушовска и Дејан Петров, раководител на одделот „Мајка Тереза“.

На овој начин Општината уште еднаш ја потврди континуираната грижа што ја води за најстарите жители од својата територија.

# 60 ГОДИНИ ЈЗУ ГЕРОНТОЛОШКИ ЗАВОД „13 НОЕМВРИ“ - **БЛАГОДАРНИЦА ЗА КАРПОШ**

На Денот на ослободувањето на главниот град, една од најстарите здравствени установи во Македонија ЈЗУ Геронтолошки завод „13 Ноември“одбележа 60 годишниот јубилеј од постоењето и се стекна со наградата „13 Ноември“, за големиот и значаен придонес во сферата на здравствената заштита и грижа за повозрасните лица.

Во таа пригода , директорката на Геронтолошкиот завод „13 Ноември“, Салија Љатиф – Петрушевска, му врачи благодарница на градоначалникот Стефан Богоев, за несебичната поддршка и соработка со Општина Карпош.

Во состав на Геронтолошкиот завод „13 Ноември“, функционира и домот за стари лица „Мајка Тереза“ кој се наоѓа во населбата Злокуќани, со кој Општина Карпош има постојана и успешна соработка.



# СТИПЕНДИИ ОД ОПШТИНА КАРПОШ
## ЗА НАЈДОБРИТЕ СПОРТИСТИ И УЧЕНИЦИ

**О**пштина Карпош додели стипендии за најталентирани ученици и спортисти – жители на локалната самоуправа. Вкупно 71 ученици и спортисти ќе бидат корисници на оваа стипендија која, освен финансиска, има и морална поткрепа за успехот на најдобрите карпошани. По тој повод, во свечена атмосфера, во ООУ „Вера Циривири Трена“ градоначалникот на Општина Карпош, придружуван од претседателот на Советот на Општината Андреј Манолев, им честиташе на добитниците на општинските стипендии, кои постигнале најдобар успех и резултати на општинско, градско, национално и меѓународно ниво.



-Карпош има навистина многу таленти, и ние како локална самоуправа ги поддржуваме целосно, конкретно и постојано. За таа цел од општинската каса се издвоени вкупно 1.5 милиони денари за стипендии, односно 51 стипендија за вонредно успешни ученици, и 20 стипендии за талентирани спортисти и спортистки од училиштата во Карпош. Ваквата поддршка нека биде само поттик повеќе за нашите талентирани ученици и спортисти да продолжат да се развиваат токму во тој правец. Развојот на спортот и успехот во образованието се едни од најголемите приоритети и на мене како градоначалник на Општина Карпош и на нашата локална самоуправа. Им честитам од се срце на успешните ученици, и талентирани спортисти, потенцираше Богоев.

Локалната самоуправа поддржа 20 ученици со врвни спортски резултати со околу 500.000 денари, при што се финансираат 16 ученици од прва категорија со 3.000 денари месечна стипендија, а четири ученици ќе добиваат 2.000 денари во период од осум месеци. Освен овие, доделени се и 51 стипендија на талентирани ученици кои постигнале врвни резултати во училишните натпреварувања по применето знаење, од кои 20 ученици од 8-мо и 9-то одделение се стипендисти од прва категорија и ќе добиваат по 2.500 денари месечно и 31 ученик, кој ќе добиваат по 2.000 денари месечно, како стипендисти од втора категорија, и за нив од буџетот на Општината ќе се одвојат околу 996.000 денари.

Првиот човек на Општината Стефан Богоев, упати честитки и до наставниците на успешните основци без чија помош, немаше да се реализираат и постигнат овие одлични достигнувања.

**Виолета Цветковска**

# **ООУ „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“** ГО ОСВОИ РАКОМЕТНИОТ КУП НА КАРПОШ

Со убедлива игра во финалето, основците од „Владо Тасевски“ ги совладаа своите ривали од ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ со резултат 19:8, со што го освоија училишниот ракометен Куп, кој се одржа по повод 42. роденден на Општина Карпош. На традиционалниот спортски настан учествуваа ракометарите од девет училишта кои се наоѓаат на територија на локалната самоуправа.

Финалниот дуел го следеше и претседателот на Советот на Општина Карпош, Андреј Манолев, кој во оваа пригода им го додели пехарот на победниците, како и дипломите на учесниците во финалето.

Во своето обраќање, првиот човек на Советот на Општина Карпош, напомена дека локалната самоуправа и понатаму ќе ги поддржува основците од Карпош во нивните напори и амбиции, да се изградат како врвни спортисти.









# „ВЛАДО ТАСЕВСКИ" ШАМПИОНИ
## ВО ФУДБАЛСКИОТ КУП КАРПОШ 2018

**В**о драматична завршница, со изведување на пенали, основците од „Владо Тасевски" ги совладаа своите соперници од ООУ „Петар Поп Арсов" и го освоија овогодинешниот училишен фудбалски Куп, кој традиционално се одржува во рамки на одбележување на роденденот на Општина Карпош (3. Ноември).



Финалниот меч кој се одигра на спортското игралиште во Влае, го одбележа добрата одбрана на двете екипи, кои после нерешениот резултат 0:0, мораа преку изведување на  удари од белата точка да го одредат конечниот победник. Сепак, фудбалерите од „Владо Тасевски" ја задржаа потребната концентрација и на крајот славеа со 4:2.

По финалната спортска пресметка, градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, им честиташе на фудбалерите од двете екипи и им посака многу успех на спортски и училишен план.

Во оваа пригода, тој им го врачи пехарот на победниците и дипломите на учесниците во финалето.

# ОДБОЈКАРКИТЕ ОД „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” ОСВОЈУВАЧИ НА УЧИЛИШНИОТ КУП -КАРПОШ 2018

Во големото финале кое се одигра во салата на С.Ц „Борис Трајковски“, основките од „Војдан Чернодрински“ ги совладаа своите ривалки од ООУ „Петар Поп Арсов“ со 2:1 во сетови и го освоија одбојкарскиот училишен Куп на Општина Карпош. Традиционалниот Куп се одржа по повод одбележувањето на 42. роденден на Општината (3. ноември).

Во дуелот, одбојкарките на „Војдан Чернодрински“ влегоа со голема самодоверба и во одлучувачкиот сет, екипата од „Млечен“, беше поконкретна и очекувано го освои одбојкарскиот училишен Куп на Карпош.

Мечот го следеше и претседателот на Советот на Општина Карпош, Андреј Манолев, кој во оваа пригода им честиташе на обете екипи за одличната игра, по што им го врачи победничкиот пехар на освојувачките на одбојкарскиот Куп и дипломите на учесничките во финалето.







# „КОМЕНСКИ“ ГО ОСВОИ КОШАРКАРСКИОТ КУП – КАРПОШ 2018

Кошаркарите на ООУ „Владо Тасевски“ и ООУ „Јан Амос Коменски“, дополнително мотивирани од присуството на кошаркарскиот ас, Марин Докузовски, прикажаа одличен меч достоен за едно големо финале во „роденденскиот“ Кошаркарски куп - Карпош2018.



Екипата на „Коменски“, од самиот почеток наметна динамично темпо на игра, со одлична одбрана и доминација под обрачите. Тимот од Тафталиџе континуирано го одржуваше водството и со брза трансформација во нападот не му дозволи на својот ривал да направи изненадување и го завршија мечот во своја полза со резултат 47:41, промовирајќи се во овогодинешни освојувачи на училишниот кошаркарски Куп на Карпош.

Претседателот на Советот на Општина Карпош, Андреј Манолев, им честиташе на финалистите за одличната игра, по што го додели победничкиот пехар на освојувачите на кошаркарскиот Куп и дипломите на учесниците во кошаркарското финале.

# ВО „БИС“ СЕ ДОАЃА НА **БИС**







**Н**а самиот агол на бул. „Илинден“ и ул. „ Бледски договор“, спроти болницата „8 Септември“, се наоѓа Lounge bar „Бис“, кој веќе четири години е популарна гастрономска дестинација за карпошани. Со своето богато мени, кое вклучува омлет и супи за појадок, разни видови на салати, пици и пица сендвичи, пастрмајлии, „Бис“, претставува одлична можност за дружба за на кафе или пијачка, односно локација за вкусна храна и за најпребирливите сладокусци. Оние пак кои се љубители на мезиња, тука ќе ги најдат и „топлите или ладните“ даски, како добар избор на вечерна храна.

Овој популарен локал, навечер, за време на викендот, во петок и во сабота функционира и како бар, во кој бендовите „Акустуко“ (во петок) и „Поп Арт“ (во сабота), нудат одлична забава за посетителите.

Со својот специфичен и урбан амбиент, во пријатна и опуштена атмосфера, „Бис“ е бар кој привлекува гости од сите населби во градот Скопје, со што целосно го заслужува епитетот на урбана градска кафетерија и ресторан.

Разновидните пасти, вкусните рижота, како и главните јадења на менито кои се состојат од свинско или пилешко, гарнирани со пекарски компири и разни видови сосови, ја заокружуваат богатата понуда на овој „lounge bar“ за задоволство на секој гостин.

Се разбира, и за љубителите на благото, во „Бис“ можете да ги пробате и неодминливите палачинки или популарното „топло - ладно“. Од шега, велат: ако еднаш влезеш во „Бис“ мораш да дојдеш на бис.

**Благојче Атанасоски**

# НОВИОТ ВКУС НА „ЛЕПТОКАРИЈА“ СЕ ВИКА **GUSTO**

Од неодамна, Т.Ц „Лептокарија“ доби уште едно гурманско катче. Новоотворениот пица бар **Gusto** со својата богата понуда на пици, пица- сендвичи и пастрмајлии претставува вистински предизвик за сите гурмани и љубители на храна, да вкусат од богатото мени. Сопствениците на пицеријата Гордан Шутаров и Митко Белимов истакнуваат дека желбата за сопствен угостителски локал преовладувала одамна.

Идеата и желбата за отворање на еден пица-бар во италијански стил, кај мене постоеше одамна. Со овој пица-локал сакаме на љубителите на добрата пица, и вкусните пица - сендвичи да им понудиме нешто ново, специфично и различно од стандардните вкусови на пиците кај нас, вели Шутаров.

Митко Белимов нагласува дека нивната интенција како сопственици им е пица-барот да биде познат бренд не само на територијата на Општина Карпош, туку и пошироко во Скопје.

- За тоа да го постигнеме треба трпение, но, со квалитетна храна, добра услуга, задоволни потрошувачи,убедени сме дека ќе го постигнеме тоа, потенцира Белимов.

Освен стандардните: мар -гарита, пелерина, бејкон, пеперони, туна, капричиоза, густо, поразлично во пицеријата **Gusto** е благата пица која содржи крем и банана и хроно пицата која се приготвува на интегрално тесто, за да се задоволат и потребите на граѓаните кои практикуваат хроно исхрана.

- Нашиот пица - бар врши и достава до сите населби во Општина Карпош, вклучително и населеното место Бардовци, во Општина Центар, како и во населбата Хром, во Ѓорче Петров. Се надеваме, во иднина, дека ќе бидеме во можност, да вршиме достава и во останатите населби и општини во Скопје, нагласува сопственикот на пица - бар **Gusto** Гордан Шутаров.

Во овој локал, покрај богатата понуда на вкусни пици, сендвичи и пастрмајлии (велешка, штипска и скопска), се служат и пијалоци, односно газирани сокови и пиво. За заокружување на вкусната гастрономска понуда од италијанските специјалити, во **Gusto** можете да се заблажите и со домашно приготвеното тирамису.

**Благојче Атанасоски**





# facebook

**Ana Vulovska** Sekoja cest, ovaa inicijativa e za pozdravuvanje.Da se podigne svesta kaj ucesnicite vo soobrakjot ne e mala rabota, bidejki nema nisto povredno od coveckiot zivot.

Ми се допаѓа · Одговори · Порака · 4 дена · 1

**Stefan Bogoev** Здраво Ана. Благодарам на поддршката за сообраќајното решение. Сега, обврска на сите нас е да ја почитуваме сигнализацијата. Поздрав и убав ден, Стефан.

**Biljana Mojsovska Manojlova** Gradonacalniku, imame golem problem i so bezbednosta na ul Praska. Se vozi brzo, a e tesno i nepregledno. Poradi vozila parkirani na ednata lenta, vo delot kaj Grand Prestige, tesko se razminuvaat vozila i se sozdavaat koloni. Stanarite od zgradite ne gi koristat podzemnite parkinzi tuku parkiraat na ulica. Gradilistata rabotat denje-nokje, i na praznici. Narusen red i mir, prasina, kamioni. Zivotot na Praska e stresen i nepodnosliv. A nie kako ziteli sme nemokjni. Deluvajte!



Ми се допаѓа · Одговори · Порака · 4 дена · 1

**Stefan Bogoev** Здраво Билјана, Се подготвува и сообраќајно решение за „Прашка". Овој потег е критичен, заради непланската урбанизација која се направи и големиот број на нови згради. Ќе се обидеме да направиме максимум, за да се намали големиот метеж. Поздрав, Стефан.

**Gordana Janeva** Pozdrav do ovaa akcija .Sakam da prasam dali i okolu uciliseto Dimo Hadgi Dimov vo nas.Vlae imate nekakov plan i bo ovoj del da gi zastitime decata bidejki site vozaci i ne se taka sovesni da go pocituvaat pesackiot premin.

Ми се допаѓа · Одговори · Порака · 3 дена

**Stefan Bogoev** Здраво Гордана.
Секаде каде што има училиште/градинка ќе гледаме да ја обновиме и зголемиме сигнализацијата. Тоа го направивме пред ООУ „Владо Тасевски", „Петар Поп Арсов", „Војдан Чернодрински" и повеќе градинки.
Продолжуваме.
Поздрав и убава вечер, Стефан.

**Vesna Stojanova Trajkovska** Dali ulica Bradforska e pod opstinata ili gradot? Site pesacki se izbrisani a ulicata e siroka i mnogu prometna.

Ми се допаѓа · Одговори · Порака · 4 дена

**Stefan Bogoev** Здраво Весна, Улицата „Брадфордска" е под Град Скопје, испраќам линк, но ќе им посочам и јас за да се обноват пешачките премини. Поздрав и секое добро, Стефан. http://www.uip.gov.mk/index.php?option=com_content...

UIP.GOV.MK
**МАГИСТРАЛНИ УЛИЦИ, СОБИРНИ УЛИЦИ, ПЛОШТАДИ И МОСТОВИ НА ГРАД СКОПЈЕ**

---

# twitter

**Igor Donchevski** @igorLE · Nov 14
Дали имате план и за слободни тротоари за пешаците, кои денеска претежно се користат како паркинзи? Особено околу Скара бар.

**Стефан Богоев**
@sbogoev
Replying to @igorLE

Здраво Игор. Каде што можеме поставуваме столпчиња, за ослободување на тротоарите (пред Сити Мол, гимназијата Никола Карев и др.)
Но, не е изводливо на сите локации. За околу Скара Бар ќе ја разгледаме опцијата. Фала за предлог

11:20 PM - 14 Nov 2018

**Шод ве** @Shod_ve · Nov 15
Replying to @Edge972 @sbogoev
[illegible]

**Стефан Богоев**
@sbogoev
Replying to @Shod_ve @Edge972 @CityofSkopje

Нови корпи за отпадоци се поставија неодамна на потегот од поранешна Воена болница кон Карпош 3.
Еве линк: karpos.gov.mk/vest/8931
Исто така, и кај фитнес зоната во К4.

11:18 PM - 15 Nov 2018











Ова се карпошани креативни
фотографи аматери...
ни испратија слики на тема
**#ВоПресретНаЗимата**
Најдобрите заслужија да се најдат во
КарпошИн

# Кој ги застапува инте

**Претседател на совет**

**Советници на 2017 -**



**Андреј Манолев**

Дипломиран професор по спорт

**СДСМ**
**УЗ: Кузман Јосифовски Питу**
andrej.manolev@karpos.gov.mk

**078 408 384**



**Александар Анѓушев**

Дипломиран електо инженер

**ДОМ**
**УЗ: Кузман Јосифовски Питу**
aleksandar.angjusev@karpos.gov-.mk
**078 384 769**



**Билјана Костова**

проф. по македонски јазик и литература

**СДСМ**
**УЗ: Карпош 3**
biljana.kostova@karpos.gov.mk

**078 384 912**



**Димитар Оровчанец**

Дипломиран режисер

**НОВА АЛТЕРНАТИВА**
**УЗ: Карпош 4**
dimitar.orovcanec@karpos.gov.mk

**078 384 792**



**Наташа Пеливанова**

Професор Доктор

**СДСМ**
**УЗ: Пецо Божиновски Кочо**
natasa.pelivanova@karpos.gov.mk

**078 384 798**



**Филип Даскаловски**

Дипломиран новинар

**СДСМ**
**УЗ: Тафталиџе 2**
filip.daskalovski@karpos.gov.mk

**078 539 888**



**Емилија Ризеска - Спасова**

Дипломиран менаџер по бизнис логистика

**ОБЕДИНЕТИ ЗА МАКЕДОНИЈА**
**УЗ: Тафталиџе 1**
emilija.rizeska.spasova@kar-pos.gov.mk

**078 384 917**



**Добрила Андоновска**

Спец. по пластична и реконструктивна хирургија

**ГРОМ**
**УЗ: ВЛАДО ТАСЕВСКИ**
dobrila.andonovska@karpos.gov-.mk

**078 487 045**



**Владимир Кроневски**

Магистер по економски науки

**ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ**
**УЗ: Кузман Јосифовски Питу**
vladimir.kronevski@karpos.gov.mk

**078 384 921**



**Горан Михајлов**

Дипломиран правник

**ГРОМ**
**УЗ: Карпош 4**
goran.mihajlov@karpos.gov.mk

**078 235 787**



**Светлана Пандиловска**

Дипломиран биохемичар

**ВМРО-ДПМНЕ**
**УЗ: Владо Тасевски**
svetlana.pandilovska@karpos.gov-.mk

**078 293 924**



**Лиљана Трајаноска**

Дипломиран режисер

**СДСМ**
**УЗ: Нерези**
liljana.trajanoska@karpos.gov.mk

**078 384 923**

# ресите на карпошани

**Општина Карпош**
**– 2021**



**Елена Антониевиќ**

Магистер по правни науки

**СДСМ**
**УЗ: Влае 2**
elena.antonievic@karpos.gov.mk

**078 254 181**



**Владимир Станивуковиќ**

Дипломиран менаџер по бизнис

**СДСМ**
**УЗ: Карпош 4**
vladimir.stanivukovic@karpos.gov-.mk

**078 384 925**



**Сашо Лазаровски**

Магистер управување со човечки ресурси

**ВМРО-ДПМНЕ**
**УЗ: Кузман Јосифовски Питу**
saso.lazarovski@karpos.gov.mk

**078 270 372**



**Зајнел Kуџ**

Дипломиран социолог

**СДСМ**
**УЗ: Кузман Јосифовски Питу**
zejnel.kuc@karpos.gov.mk

**078 234 741**



**Тони Јаревски**

Магистер

**ВМРО-ДПМНЕ**
**УЗ: Нерези**
toni.jarevski@karpos.gov.mk

**078 249 734**



**Димитар Зимбаков**

Лекар

**СДСМ**
**УЗ: Владо Тасевски**
dimitar.zimbakov@karpos.gov.mk

**078 259 781**



**Даниела Штерјова**

Проф. по англиски јазик

**ВМРО-ДПМНЕ**
**УЗ: Карпош 3**
daniela.sterjova@karpos.gov.mk

**078 487 041**



**Мики Филев**

Магистер, доктор специјалист

**СДСМ**
**УЗ: Тафталиџе 1**
miki.filev@karpos.gov.mk

**078 298 491**



**Томи Кепевски**

Студент

**ВМРО-ДПМНЕ**
**УЗ: Карпош 3**
tomi.kepevski@karpos.gov.mk

**078 291 947**



**Предраг Станковски**

Ветеринарен техничар

**ВМРО-ДПМНЕ**
**МЗ: Бардовци**
predrag.stankovski@karpos.gov-.mk

**078 296 143**



**Бранко Ристов**

Дипломиран економист

**ЛЕВИЦА**
**МЗ: Кузман Јосифовски Питу**
branko.ristov@karpos.gov.mk

**078 284 189**




Клиничка болница
**Аџибадем Систина**

# НЕ ГИ ИГНОРИРАЈТЕ **ЗНАЦИТЕ НА ДИЈАБЕТЕС**

Д – р Чедомир Димитровски
**Ендокринолог**

Проф. д-р Чедомир Димитровски, ендокринолог во Клиничката болница „Аџибадем Систина", објаснува дека најчести симптоми и знаци на болеста се **зачестено мокрење (особено навечер), чувство на зголемена жед, зголемен апетит, губиток на телесна тежина, изнемоштеност, трнење во прстите на рацете и стапалата, чести инфекции.**

Според професорот Димитровски, голем број од пациентите со дијабетес доцна ја откриваат болеста и затоа апелира **на чести рутински контроли на шеќерот во крвта** и консултација со ендокринолог. Особено треба да внимаваат луѓето со прекумерна тежина кои живеат брз и стресен начин на живот, без физичка активност, како и луѓето кои имаат член во семејството со дијабетес.

### Што е шеќерната болест?

Шеќерната болест е група на хронични метаболички болести што се карактеризираат со хипергликемија (покачен шеќер во крвта). Најчесто шеќерната болест ја делиме на тип 1, тип 2, гестациски дијабетес (шеќерна болест што се јавува за време на бременоста) и некои поретки типови.

### Која е разликата меѓу дијабетес тип 1 и дијабетес тип 2?

Дијабетес тип 1 се јавува кај млади луѓе под 40-тата година од животот и за негова контрола неопходно е лекување со инсулин. Дијабетес тип 2 се јавува кај повозрасни луѓе кои имаат зголемена телесна тежина и може долго време да се контролира со дијабетична диета и со таблети. Овој тип е прогресивен и обично по извесен временски период и кај овие пациенти за контрола на болеста е потребен инсулин.

### Дијагноза и третман

Дијабетесот се дијагностицира на три начини - со одредување на шеќер во крвта на гладно, потоа со тест на орално оптоварување со гликоза и со мерење на хемоглобин А 1с (шеќер врзан со хемоглобинот).

Во зависност од типот на дијабетесот, се одредува терапијата. Пациентот заболен од дијабетес тип 1 е инсулин-зависен и секогаш мора да биде третиран со инсулин, додека пациентот со тип 2 може да се третира и со таблети, а во многу случаи и со инсулин.

### Кои се последиците од нелекуваната шеќерна болест?

Шеќерната болест дава два типа компликации – акутни и хронични. Од акутните најчесто последица е дијабетичната кетоацидоза и хипогликемија (низок шеќер во крвта). Хроничните компликации се јавуваат поради лошата и неадекватна регулација на шеќерот во крвта во подолг временски период. Тоа доведува до микроваскуларни компликации (оштетувања на малите крвни садови на очите, нервите) и макроваскуларни компликации (оштетувања на големите крвни садови – појава на срцев инфаркт, мозочен инфаркт и гангрена на долните екстремитети).

Според IDF (Интернационална дијабетолошка федерација), Македонија е една од земјите со висока застапеност на болеста, од околу 10%. Тоа значи дека во земјава имаме околу 150.000 до 200.000 заболени од дијабетес.

# Урбани заедници

**Карпош 1**
Самостоен референт во областа
на месната самоуправа
Одговорно лице:
Мирче Блажевски
02 | 30.68.754 и 078 | 48.69.29
m: karpos1@karpos.gov.mk
А: ул. Иван Аговски бр.2

**Карпош 2**
Самостоен референт во областа
на месната самоуправа
Одговорно лице:
Лидија Цацановска
02 | 30.71.246 и 078 | 48.69.55
m: karpos2@karpos.gov.mk
m: lidija.cacanovsa@karpos.gov.mk
А: ул. Бранислав Нишиќ бр.4

**Карпош 3**
Самостоен референт во областа
на месната самоуправа
Одговорно лице:
Весна Мирковска
078 | 48.60.59
m: karpos3@karpos.gov.mk
m: vesna.mirkovska@karpos.gov.mk
А: ул. Радика бр.9

**Карпош 4**
Самостоен референт во областа
на месната самоуправа
Одговорно лице:
Виолета Божиновска
072 | 26.80.52
m: karpos4@karpos.gov.mk
А: ул.Љубљанска бр.6

**Тафталиџе 1**
Самостоен референт во областа
на месната самоуправа
Одговорно лице:
Вера Пенова
072 | 20.96.85
m: taftalidze1@karpos.gov.mk
А: ул.Букурешка бр. 2

**Тафталиџе 2**
Самостоен референт во областа
на месната самоуправа
Одговорно лице:
Маја Петковска
078 | 48.69.19
m: taftalidze2@karpos.gov.mk
Одговорно лице:
Горан Велковски
078 | 48.69.28
А: ул.Копенхагенска бр.5
(простории на ЗЕЛС – сутерен)

**Влае 1**
Самостоен референт во областа
на месната самоуправа
Одговорно лице:
Ненад Зафировски
072 | 26.80.53
m: vlae1@karpos.gov.mk
А: ул. Фјодор Достоевски бр.2

**Влае 2**
Самостоен референт во областа
на месната самоуправа
Одговорно лице:
Витка Ацевска
070 | 72.50.82
Одговорно лице:
Жарко Јосифовски
072 | 26.80.56
m: vlae2@karpos.gov.mk
А: ул. Сливовска бр. 1

**Нерези**
Самостоен референт во областа
на месната самоуправа
Одговорно лице:
Сеад Мехмети
078 | 48.76.23
Одговорно лице:
Весна Антеска
078 | 48.69.22
m: nerezi@karpos.gov.mk
А: ул.Ванчо Мицков бр. 19

**Владо Тасевски**
Самостоен референт во областа
на месната самоуправа
Одговорно лице:
Елена Ѓурчилова
078 | 48.69.27
m: vladotasevski@karpos.gov.mk
А: ул. Дрезденска бр. 52

**Кузман Јосифовски Питу**
Самостоен референт во областа
на месната самоуправа
Одговорно лице:
Велика Стојановска
078 | 48.69.53
Одговорно лице:
Наташа Геровска
077 | 57.06.87
m: kjpitu@karpos.gov.mk
А: ул. Стрезово бр. 7

**Пецо Божиновски Кочо**
Самостоен референт во областа
на месната самоуправа
Одговорно лице:
Мирјана Милошевска
070 | 33.82.74
Одговорно лице:
Данче Стевиќ
078 | 22.62.96
m: pecobozinovski@karpos.gov.mk
А: ул. Стрезово бр. 7

**Злокуќани**
Самостоен референт во областа
на месната самоуправа
Одговорно лице:
Гаши Садри
078 | 48.69.23
Одговорно лице:
Васко Крстевски
077 | 80.76.16
m: zlokukjani@karpos.gov.mk
А: ул. Скупи бб.

**Бардовци**
Самостоен референт во областа
на месната самоуправа
Одговорно лице:
Маја Витанова Богојеска
071 | 45.52.99
m: bardovci@karpos.gov.mk
А: с.Бардовци

**Одделение за месна самоуправа**
Раководител:
Миле Стевков
070 | 23.57.90
m: mile.stevkov@karpos.gov.mk

| | |
|---|---|
| **Кабинет:** | 02 \| 30.55.901<br>02 \| 30.55.902 |
| **Претседател на Советот на Општина Карпош:** | 02 \| 30.55.913 |
| **Секретар на Општина Карпош:** | 02 \| 30.55.918 |
| **Сектор за правниработи:** | 02 \| 30.55.900 |
| **Сектор за дејности од јавен интерес:** | 02 \| 30.55.939 |
| **Сектор за односи со јавност:** | 02 \| 30.55.920 |
| **Сектор за развој на општината:** | 02 \| 30.68.151 |
| **Сектор инспекторат:** | 02 \| 30.55.931 |
| **Сектор за финансиски прашања:** | 02 \| 30.55.923 |
| **Архива:** | 02 \| 30.55.954 |
| **Сектор за урбанизам:** | 02 \| 30.55.900 |
| **Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи:** | 072 \| 21.43.54 |
| **Сектор за екологија и енергетска ефикасност:** | 072 \| 273 986 |
| **Одделение за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци:** | 02 \| 3055 942 |
| **Одделение за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра:** | 02 \| 3067 055 |

gradonacalnik@karpos.gov.mk
sekretar@karpos.gov.mk
kontakt@karpos.gov.mk

**www.karpos.gov.mk**

### Поважни телефони

| | |
|---|---|
| Полиција | 192 |
| Противпожарна бригада | 193 |
| Брза помош | 194 |
| Управување со кризи | 195 |
| АМСМ - помош на патишта | 196 |
| АМСМ - информативен центар | 155 55 |
| Авто помош на пат (24 ч.) | 9159 |
| Царина | 197 |
| Матична служба - ГУВР | 3117 037 |
| Сала за венчање | 3118 250 |

### ПТТ услуги

| | |
|---|---|
| Будење | 180 |
| Точно време | 185 |
| Информации | 988 |
| Воена полиција | 3227 700 |
| Пазарен инспекторат | 975 |
| Водовод и канализација - дежурна служба | 3073 010 |
| Комунална хигиена - дежурен диспечер | 3224 961 |
| Оџаци - оџачарски услуги | 2440 293 |

### Сообраќај

| | |
|---|---|
| Меѓуградска автобуска станица | 2466 313 |
| Македонија сообраќај | 2402 388 |
| Железничка станица | 3234 255 |
| Аеродром Скопје | 3148 333 |

### Дежурни аптеки

| | |
|---|---|
| Зегин (МНТ-подрум) | 3117 614 |
| Реплек - аптека бр.4 | 3130 170 |

### Здравствени објекти

| | |
|---|---|
| Клиничка болница | 3147 147 |
| Градска општа болница | 3235 000 |
| Болница 8 Септември | 3087 400 |
| Детска болница - Козле | 3085 761 |
| Неуромедика | 3130 000 |
| Клиника “Мајчин дом” | 3147 004 |
| Стоматолошки клинички центар | 3299 000 |
| Гинеколошко - акушерска клиника | 3147 147 |
| Гинекологија и акушерство - Чаир | 2611 033 |
| Аџибадем Систина | 3099 500 |

### Дежурни поликлиники

| | |
|---|---|
| Букурешт | 3064 088 |
| Идадија | 3113 033 |
| Ѓорче Петров | 2031 022 |
| Јане Сандански | 2463 277 |
| Чаир | 2795 112 |
| Драчево | 2611 506 |
| Шуто Оризари | 2651 696 |
| Ченто | 2522 351 |
| Бит-Пазар | 3134 534 |
| Неуромедика | 3133 313 |




**e-mail**
kontakt@karpos.gov.mk

**Facebook**
Општина Карпош

**Twitter**
@OpstinaKarpos

**Instagram**
@opstinakarpos